Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-88/2
16-01-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-788/1 од 7.11.2023 година поднесена од [redacted] против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.1.2024 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА** постапката по претставка бр. 08-788/1 од 7.11.2023 година заради повлекување на претставката од страна на подносителот [redacted]

## Образложение

На ден 7.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, заведена под бр. 08-788/1.

Подносителот на претставката на ден 15.1.2024 година оствари средба во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со членовите на Комисијата Исмаил Камбери и Лимко Бејзароски, при што ги извести дека поднесената претставка ја повлекува со образложение дека е вратен на старото работно место согласно Колективниот договор на Министерството за одбрана. Следниот ден, на 16.1.2023 година, подносителот го достави писменото повлекување на електронската адреса на Комисијата и истото е заведено под арх. бр. 08-88/1.

Во оваа насока, член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи: „Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
16.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за одбрана, ул. Орце Николов бр. 116, 1000 Скопје